РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
ОПШТИНА ГРАДСКО
05.03.2019 год. по овластување
на ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ГРАДСКО**
**Бр. 12-11**
**14.02.2019 год.**
**ГРАДСКО**

Градоначалникот на Општина ГРАДСКО - ГРАДСКО, решавајќи по барањето на инвеститорот Општина Градско, од ул.Александар Македонски бр.70 а, Градско,, поднесено под број 12-11 од 16.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење на градба од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18), а во врска со член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 124/2015), на ден 14.02.2019 го издава следното:

## Одобрение за градење

На инвеститорот Општина Градско, од ул.Александар Македонски бр.70 а, Градско, му се одобрува Изградба на фекална канализација во село Горно Чичево од Втора категорија, во општина ГРАДСКО (или КП бр. КП 1294,1317,3470,3471,3434, , КО Горно Чичево со стационажаод 557 метри ).

Одобрение за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

### О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Градско, поднесе барање бр. 12-11 од 16.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење за Изградба на фекална канализација во село Горно Чичево, градба од Втора категорија во општина ГРАДСКО (или КП бр. КП 1294,1317,3470,3471,3434, , КО Горно Чичево во м.в.__село______или делница со стационажа 557 метри).

Со барањето инвеститорот/инвеститорите ја приложи/приложија следната документација и докази:

1. Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба, се приложува проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,

2. Основен проект со техн. бр. 11/18-3 Ноември 2018 изработен од МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Скопје,

3. Ревизија на основниот проект со бр. R-75/18 Ноември 2018 од извршена од ХИДРО ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје ( но не и за градби наменети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2),

4. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост на Р.М. или конечно решение за експропријација доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),

5. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште бр.604/3-18 од 30.11.2018 година изработен од ГЕО ИНГ Делчево,

6. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од _____ ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси, општина Градско е ослободена од плаќање на административна такса.

7. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште(општина Градско е ослободена од плаќање на надоместок)

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
Агенција за електронски комуникации, Евн КЕЦ Велес, ЈКП Клепа

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот н Општина ГРАДСКО – ГРАДСКО одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифен број __________ од Законот за административни такси во износ од _________ денари е наплатена и приложена со барањето.

**Изработил: Ацо Здравевски**
**Контролирал: _____**
**Одобрил: Ацо Атанасов**

**Име и презиме и потпис на овластено лице**

**Роберт Бешовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГРАДСКО

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Општина Градско,**